Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на Р.М.”бр.5/02), член 28 точка 14 од статутот на општина Долнени (“Сл. Гласник на општина Долнени” бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на  ден ____________ година донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ВОДОВОДИ, КАНАЛИЗАЦИИ, РЕЧНИ КОРИТА И КАНАЛИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ЗА 2010 година

## В О В Е Д

Во дел од населените места во општина Долнени се користи неисправна вода за пиење, која што претставува услов за појава на одредени заболувања и епидемии. Во поглед на капацитетот , во одреден временски период од годината-претежно во летниот , не може да се задоволат дури ни основните потреби.

Што се однесува до канализациите и речните корита, состојбата во населените места во врска со овој проблем може да се каже дека воопшто не задоволува и не одговар на потребите за едно урбано живеење на месното население. Постои неконтролирано испуштање и третирање на фекалните води кои  заедно со атмосферските се испуштаат на несоодветен начин, без прочистување.

Со оглед на вака лошата состојба , постои интерес за изградба на инфраструктурни објекти кои би ги решиле овие проблеми.
За изградба на објекти од типот на водоводи и канализации потребно е покрај  големиот интерес и финансиско вклучување на сите заинтересирани субјекти - месното население, локалната самоуправа и државата, односно соодветните министерства и барање на средства од предпристапните фондови на ЕУ.

Имајќи ги во предвид сите овие показатели, а сепак како приоритет земајќи ги потребите на месното население, изградбата на водоводи продолжува и во 2010 год.

## 1. В О Д О В О Д И

### 1.1. Водовод Рилево - Сливје

Изработена е проектно-техничка документација за Изградба на водовод во населените места Рилево и Сливје.
Финансиската конструкција за изградба на водоводот изнесува: 12.218.039.00.

За изградба на водоводот Рилево – Сливје потребно е да се изградат следниве работи:
- Резервоар;
- Довод од резервоар Ропотово до Рилево;
- Разводна мрежа во Рилево и Сливје со сите пропратни елементи.

1.2. За водоводот во н.м.Заполжани има проектно-техничка документација за резервоар, а додека за н.м.Долнени и Сенокос треба да се изработи проектно-техничка документација за изградба на резервоари и да се обезбедат средства за нивна изградба.

1.3. Населените места Дреновци и Гостиражни немаат организирано водоснабдување, со вода за пиење се снабдуваат од сопствени бунари. За таа цел потребно е да се изработи проектно-техничка документација и да се обезбедат финансиски средства за изградба на водоводна мрежа.

1.4. Реконструкција на азбестна водоводна мрежа во н.м. Дебреште во должина од 2000м, во н.м. Ропотово во должина од 1000м и Новоселани во должина од 3000м. За реконструкција на водоводната мрежа за н.м.Зрзе треба да се обезбедат средства од претпристапните фондови на ЕУ.

1.5. За населените места Десово и Црнилиште да се изработи проектно-техничка документација за нивно приклучување на регионалниот водоснабдителен систем "Студенчица".

## 2. К А Н А Л И З А Ц И Ј А

Изградбата на канализационен систем за н.м.Лажани е во тек. Средства се обезбедени од Министерство за транспорт и врски, ФАРЕ Програмата, Фонд за водите на РМ и општина Долнени. Канализациониот систем за н.м.Црнилиште е во фаза на изградба со средства од Министерство за транспорт и врски и Министерство за животна средина и просторно планирање. За населените места Ропотово, Долнени и Десово изработена е проектно-техничка документација за канализационен систем и обезбедени се Одобренија за градење, а нивната реализација може да се очекува по обезбедувањето на средства од претпристапните фондови на ЕУ. Додека за н.м.Пешталево и Секирци изработена е проектно-техничка документација за изградба на канализациони системи со средства обезбедени од МЦМС. За останатите населени места во општина Долнени потребно е да се изработи проектно-техничка документација за канализациона мрежа.

## 3. РЕЧНИ КОРИТА И КАНАЛИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ

3.1. За населените места Дебреште, Лажани и Црнилиште потребно е да се изградат речни корита за кои општина Долнени има изработено проектно-

техничка документација, а додека за н.м.Житоше во тек е изработката на проектно-техничката документација. Освен за н.м.Лажани за останатите населени места потребни се одобренија од општина Долнени, а за сите потребни се апликации за средства од претпристапните фондови на ЕУ.

3.2. За населените места Дебреште, Ропотово, Лажани потребно е да се изгради канал за одводнување за кој општина Долнени има изработено проектно-техничка документација, а за населеното место Житоше да се изработи проектно-техничка документација за изградба на канал за одводнување.

3.3. Преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ - Управа за водостопанство, обезбедени се средства за чистење на канали и речни корита на територијата на општина Долнени во должина од 18.600м (Одводни канали: Црнилиште, Рибник, Боорско и покрај патот Лажани-Дебреште). Дел од тие средства се реализирани на за речно корито Саждејца, односно одводниот канал ”Блато” во н.м.Лажани.

Во обезбедување на финансиски средства за изградбата и доградбата на водоводите, фекалните канализации, речните корита и канали потребно е да се вклучи месното население, општина Долнени, ЈКП "Долнени", владини и невладини институции и претпристапните фондови на ЕУ.

Обемот на работите и динамиката на изведбата ќе зависи од висината на остварените приходи.

Оваа Програма претставува основа за изградба на локални водоводи, фекалните канализации, речните корита и канали и барање на финансиски средства од Државата и предпристапните фондови на ЕУ и истата може да се изменува и дополнува доколку се јави потреба од дополнителни активности во делот на изградба и реконструкција на водоводи, канализации, речни корита и канали.

Оваа Програма ќе се применува од 01.01.2010 год. до 31.012.2010 год. и ќе биде објавена во ”Сл.гласник на општина Долнени”.

**Бр.____________**
**_______________год.**
**Долнени**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ**

**___________________________**
**/Севгани Османоски/**